

Октомври, 2021г. Бр.10

## ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2021

### Објавен вториот извештај од мониторингот на медиумското известување пред почетокот на изборната кампања

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 1 октомври го објави вториот извештај од мониторингот на медиумското известување за Локалните избори за периодот пред почетокот на изборната кампања (од 1 до 26 септември 2021 година). Во извештајот е анализирана 24-часовната програма на МРТ1 и на шест комерцијални телевизии на државно ниво – ТВ 24 Вести, ТВ Алсат-М, ТВ Алфа, ТВ Канал 5, ТВ Сител и ТВ Телма. Резултатите од мониторингот покажаа дека во овој период не се констатирани прекршувања на одредбите од Изборниот законик. Во предизборниот период кај МРТ1 не беа евидентирани дебатни соочувања на учесници во изборниот процес, кои Јавниот радиодифузен сервис е должен да ги организира според членот 76-а став 11 од Изборниот законик. Обврската за известување на знаковен јазик за лицата со оштетен слух, ја исполнија единствено МРТ1 и ТВ 24 Вести.

Темата за фаталниот пожар на модуларниот Ковид-центар во Тетово ги покри сите актуелни, внатрешнополитички и општествени теми од трагичниот 8 септември натаму. Сè повеќе информативни редакции се решија предизборниот период да го пополнат со интервјуа, медиумски скици на кандидатите за градоначалници, со апостроф врз дванаесетте партиски и независни опции за градоначалник на Скопје. Голем дел од медиумската содржина беше преокупирана со повеќедеценискиот меѓупартиски ривалитет, мошне често и персонализиран како судир на партиски лидери, па новинарскиот осврт кон таа неконструктивна политизација на сите општествени сфери, ја релативизира, односно ја прави двосмислена дури и содржината на вестите и на извештаите. Поединечните извештаи за националните програмски сервиси кои беа предмет на мониторинг се содржани во вториот извештај од медиумското известување за Локалните избори, достапен на следниот линк.

### Соопштенија за јавност

На 7 октомври Агенцијата преку соопштение информираше дека при мониторингот на изборното медиумско претставување е констатирано дека повеќе телевизии емитуваат платено политичко рекламирање во кое учествуваат малолетници. Во соопштението беше посочено дека согласно Изборниот законик учесникот во изборната кампања е одговорен за содржината на огласите, соопштенијата, рекламите и другиот снимен материјал чиј нарачател е, но одговорност имаат и радиодифузерите имајќи го предвид членот 76 став 3 од Изборниот законик, во кој децидно е пропишано дека не е дозволено учество на малолетници во платено политичко рекламирање.

Агенцијата и во двата изборни круга преку соопштенија за јавност ги потсети радиодифузерите дека согласно Изборниот законик, резултатите од испитувањата на јавното мислење во врска со Локалните избори 2021, може да се објавуваат најдоцна пет дена пред датумот определен за одржување на изборите - најдоцна до 24 часот на 11 октомври за првиот круг, односно до 24 часот на 25 октомври за вториот изборен круг. Во соопштенијата беше посочено дека при објавување на резултатите од испитувањата на јавното мислење поврзани со учесниците во изборниот процес, медиумите се должни да наведат податоци за името на нарачателот кој го побарал и го платил испитувањето, институцијата што го изврши испитувањето, применетата методологија, големината и структурата на испитаниот примерок и периодот во кој е спроведено испитувањето. Резултати од испитувања на јавното мислење спроведени на самиот ден на изборите не смеат да се објавуваат пред затворањето на избирачките места.

Во двата изборни круга, Агенцијата преку соопштенија ги извести радиодифузерите дека од 16 октомври, заклучно со 19:00 часот на 17 октомври за првиот изборен круг, и од 30 октомври заклучно со 19:00 часот на 31 октомври за вториот круг, важат правилата за изборен молк. Во соопштенијата беше посочено дека за време на молкот, медиумите продолжуваат да известуваат за изборниот процес, но престануваат сите облици на изборно медиумско претставување, на учесниците во изборната кампања.

### Објавен извештај за медиумското известување во првиот круг од кампањата за Локалните избори 2021

На 25 октомври Агенцијата го објави извештајот за начинот на известување на радиодифузерите во првиот круг од изборната кампања (од 27 септември до 15 октомври 2021 година). Со мониторингот беа опфатени вкупно 13 програмски сервиси – националните комерцијални телевизии Алсат-М, Алфа, Канал 5, Сител, Телма, 24 Вести, 21-М, Шења и Клан Македонија и програмските канали на Јавниот сервис – МРТ1, МРТ2, Собраниското канал и Првата програма на Македонското радио. Наодите од мониторингот покажаа дека во овој период не се констатирани прекршувања на одредбите од Изборниот законик.

Сите комерцијални сервиси на национално ниво вложија напори да обезбедат медиумско покривање на изборната кампања и речиси сите, освен што информираа во дневно- информативните емисии, за учесниците во изборите резервираа и повеќе посебни информативни програми. Кампањата не беше покриена во согласност со принципите на еднаквост за кандидатите за градоначалници и пропорционалност за кандидатите за општински советници.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ



# *NEWSLETTER*

Редакциите ја следеа изборната кампања прагматично, претежно според очекувањата од општото политичко искуство за досегашните изборни процеси, давајќи им приоритет на СДСМ и ВМРО ДПМНЕ и на нивните коалициски партнери, а не според појдовните принципи од наведените законски барања. Но, за таквата констатација има низа објективни причини, во случајов тргнувајќи од основната – огромниот број потврдени кандидати за градот Скопје, за скопските општини поединечно, но и за сите други општини во државата.

Јавниот радиодифузен сервис ги почитуваше законските барања за структурата на дневноинформативните емисии, за емитување дебати и бесплатно политичко претставување. Собранискиот канал емитуваше бесплатно политичко претставување на повеќе учесници во изборите, распоредувајќи го времето според законската одредба. Информирање за лицата со сетилна попреченост единствено обезбедија МРТ 1 и ТВ 24 Вести. Извештајот за начинот на известување на радиодифузерите во текот на изборната кампања (од 27 септември до 15 октомври 2021 година) е достапен на линкот.

Сите материјали поврзани со мониторингот на изборното медиумско известување за Локалните избори се достапни на веб страницата www.avmu.mk, во посебниот банер „Избори 2021“.

## Соопштенија за јавност – осуди на напади упатени кон новинари

На 18 октомври Агенцијата го осуди непрофесионалниот однос на претседателот на Државната изборна комисија кон новинарите за време на попладневната прес – конференција на ДИК одржана на денот на изборите, и потенцираше дека носителите на јавни функции треба да бидат свесни за јавно искажаниот збор и да покажат највисоко ниво на почитување на новинарската професија. Воедно, беа осудени и нападите на новинарските екипи и попречувањето на нивната работа од страна на симпатизери на политички партии.

На 19 октомври, Агенцијата ги осуди јавно искажаните навреди на независниот кандидат за градоначалник за општина Кичево, Фатмир Лимани упатени кон новинарка на ТВ 21, при нејзиното известување за локалните избори. Во соопштението беше посочено дека исклучително е важно да им се овозможи на новинарите непречено и безбедно да ги извршуваат своите професионални задачи за навремено и точно информирање на јавноста. Наместо омаловажувања и навреди треба да се покаже почит кон новинарската професија и достоинството на медиумските работници.

Агенцијата на 22 октомври го осуди обидот на кандидатот за градоначалник на партијата Алијанса за Албанците во Тетово, Вулнет Мурсели за дискредитирање на новинарка на националната телевизија Клан, како и недоличниот однос на министерот за надворешни работи Бујар Османи кон новинар од истата телевизија. Беше посочено дека сите, а особено политичарите и носителите на јавни функции треба да бидат свесни за одговорноста што ја имаат за јавно искажаниот збор и за своето однесување кон медиумските работници чија основна улога е информирање на јавноста. Секој обид за дискредитација и нарушување на угледот на новинарите се коси со принципите на правната држава и ја поткопуваат слободата на информирање.

## Податоци за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици – трет квартал од 2021 година

За потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во октомври беше изработено истражување за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици, за третиот квартал од 2021 година.

Податоците се добиени со истражување на јавното мислење и се однесуваат на: просечниот дневен и неделен досег на слушаноста на радиостаниците и на гледаноста на телевизиите; периодот од денот во кој испитаникот слушал радио/гледал телевизија; видот на програмската содржина што испитаникот ја слушал на радио/гледал на телевизија во претходниот ден; учеството во вкупната гледаност за претходниот ден, и тоа удел во гледаноста на територијата на која секоја телевизија емитува програма и удел во вкупната гледаност; просечниот дневен и неделен досег на странските телевизии и др.

Податоците за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на ТВ станиците, за третиот квартал од 2021 година, се достапни на веб страницата на Агенцијата на следниот линк.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ



# *NEWSLETTER*

## Надзори врз радиодифузери, печатени медиуми и оператори на јавни електронски комуникациски мрежи

### Радиодифузери

За почитувањето на обврските од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, вонредни административни надзори се извршени врз Радио Тајм, Еко Радио, Радио Комета 2000, Радио Б-97, Радио 7, Радио Арачина,Телевизија Здравкин и Сити телевизија. При надзорите не се констатирани прекршувања.

По добиена претставка од физичко лице, извршен е вонреден програмски надзор врз ТВ Сител за почитувањето на обврските за заштита на малолетната публика. При надзорот беше утврдено дека радиодифузерот постапил согласно законската обврска од член 50 став 3 од ЗААВМУ.

Врз Телевизија КТВ од Кавадарци и Телевизија ЕДО од Скопје, извршен е контролен програмски надзор за да се утврди дали радиодифузерите постапиле по изречените мерки јавна опомена, упатени заради прекршување на правилата за емитување адиовизуелни комерцијални комуникации – нови рекламни техники. Надзорот покажа дека радиодифузерите во целост постапиле по решенијата за изрекување мерка јавна опомена.

### Печатени медиуми

Агенцијата спроведе редовни административни надзори врз 20 издавачи на печатени медиуми, со цел да констатира дали истите објавиле податоци за назив и адреса на седиштето и уредништвото на печатениот медиум, податоци за одговорното лице, уредниците, печатницата, датум на печатење или препечатување и број на печатени примероци, согласно обврската од Законот за медиуми. При надзорите не се констатирани прекршувања.

### Оператори на јавни електронски комуникациски мрежи

Редовни програмски надзори за обврските коишто се однесуваат на регистрација на програмски сервиси во Агенцијата и титлување на програмите коишто ги реемитуваат операторите се извршени врз операторите ИП Системс, Инел Интернационал, Канал 16, АС КТВ и Тотал ТВ. Со надзорите е констатирано дека операторите постапиле согласно законските обврски.

За обврската на операторите на ЈЕКМ кои реемитуваат програмски сервиси, во програмскиот пакет кој го нудат задолжително и бесплатно да се содржани програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис, извршени се редовни програмски надзори врз операторите Неотел, Глобалсат, Нафи и Беко, Дрим Сат ИПТВ, Траншпед Трејд, Инел Интернационал, Инфел КТВ и Кабел-Нет. Со надзорите е констатирано дека оваа обврска е исполнета кај сите оператори.

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ул. Македонија бр. 38, 1000 Скопје**
**тел. (02) 3103400 факс: (02) 3103401**
**е-пошта: contact@avmu.mk веб страница: www.avmu.mk**

INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-028/2018